Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Општина Свети Николе, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 03.08.2018 година се објавува:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " ОКО Сервис 6 " за работно ангажирање со скратено работно време за период од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 9 (девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција)
- невработени лица над 6 месеци
- самохрани родители
- млади лица до 29 години
- родители на 3 и повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

| | | |
|---|---|---|
| 1. *Образовен асистент* | ВСС – Психолог, Педагог, Логопед, Дефектолог, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката | Техники и вештини согласно потребите и можностите на детето |
| 2. *Образовен асистент* | ВСС – Психолог, Педагог, Логопед, Дефектолог, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката | Техники и вештини согласно потребите и можностите на детето |
| 3. *Образовен асистент* | ВСС – Психолог, Педагог, Логопед, Дефектолог, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката | Техники и вештини согласно потребите и можностите на детето |
| 4. *Образовен асистент* | ВСС – Психолог, Педагог, Логопед, Дефектолог, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката | Техники и вештини согласно потребите и можностите на детето |
| 5. *Образовен асистент* | ВСС – Психолог, Педагог, Логопед, Дефектолог, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката | Техники и вештини согласно потребите и можностите на детето |
| 6. *Личен асистент* | ССС . Способност за работа со деца со посебни потреби, тимска работа, комуникациски вештини, со или без работно искуство во струката. | Помош во движење , исхрана и одржување на лична хигиена |

| | | |
|---|---|---|
| *7. Личен асистент* | ССС . Способност за работа со деца со посебни потреби, тимска работа, комуникациски вештини, со или без работно искуство во струката. | Помош во движење , исхрана и одржување на лична хигиена |

| | | |
|---|---|---|
| *8. Личен асистент* | ССС . Способност за работа со деца со посебни потреби, тимска работа, комуникациски вештини, со или без работно искуство во струката. | Помош во движење , исхрана и одржување на лична хигиена |

| | | |
|---|---|---|
| *9. Неговател* | ССС – за Дневниот центар за лица со посебни потреби. Способност за работа со деца со посебни потреби, тимска работа, комуникациски вештини, со или без работно искуство во струката. | Прием на децата, помагање при секојдневните активности во центарот. |

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе во периодот од 01.08.2018 година до 15.08.2018 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Свети Николе и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Свети Николе кај лицето Христина Арсова, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе кај лицето Сузана Димова, Центар за социјлна работа Свети Николе кај лицето Мелита Стојкова

Општина Свети Николе

Градоначалник

М-р Сашо Велковски

______________________